МАКСИМА ТУРС – СКОПЈЕ
Бул.Јане Сандански 82/1,ТЦ БИСЕР –локал 16
Тел:  070 254 791;075 359 006
maximatours@yahoo.com; www.maximatours.mk

# ALKMENE STUDIOS-СКИЈАТОС

„Alkmene Studios“ се наоѓаат на само неколку метри од главната улица Пападијаманти на Скијатос. Од пристаништето на Скијатос се одалечени околу 5 минути пешачење, а најблиската плажа е на приближно 200 метри. Автобуската станица до другите плажи на островот е на околу 100 метри.

Собите се ново реновирани и целосно опремени. Имаат сопствена бања, кујна, фрижидер и клима уред. Вилата располага со двокреветни студиа со два единечни или еден брачен кревет.

7 ноќевања – 8 дена во „Alkmene Studios“ (цени по лице, со вклучен превоз Скопје–Волос–Скијатос–Волос–Скопје).

| Термин | Редовна цена по лице | Промо цена по лице |
|---|---|---|
| 21.05.2026 – 28.05.2026 | 132 € | 89 € |
| 28.05.2026 – 04.06.2026 | 150 € | 109 € |
| 04.06.2026 – 11.06.2026 | 174 € | 122 € |
| 11.06.2026 – 18.06.2026 | 198 € | 145 € |
| 18.06.2026 – 25.06.2026 | 222 € | 185 € |
| 25.06.2026 – 02.07.2026 | 239 € | 199 € |
| 02.07.2026 – 09.07.2026 | 263 € | 214 € |
| 09.07.2026 – 16.07.2026 | 299 € | 225 € |
| 16.07.2026 – 23.07.2026 | 299 € | 225 € |
| 23.07.2026 – 30.07.2026 | 299 € | 225 € |
| 30.07.2026 – 06.08.2026 | 299 € | 225 € |
| 06.08.2026 – 13.08.2026 | 299 € | 225 € |
| 13.08.2026 – 20.08.2026 | 299 € | 225 € |
| 20.08.2026 – 27.08.2026 | 299 € | 225 € |
| 27.08.2026 – 03.09.2026 | 239 € | 199 € |
| 03.09.2026 – 10.09.2026 | 215 € | 185 € |
| 10.09.2026 – 17.09.2026 | 179 € | 155 € |

| Термин | Редовна цена по лице | Промо цена по лице |
|---|---|---|
| 17.09.2026 – 24.09.2026 | 155 € | 119 € |
| 24.09.2026 – 01.10.2026 | 131 € | 99 € |

Цените се изразени во евра. За уплата во денарска противвредност се користи курс: 1 € = 62 денари.

## ВО ЦЕНАТА Е ВКЛУЧЕНО

- 7 ноќевања – 8 дена во Alkmene Studios (цени по лице);
- Автобуски превоз на релација Скопје, Велес, Неготино и Гевгелија;
- Туристички пратител за време на патувањето;
- Претставник од агенција за време на престојот.

## ВО ЦЕНАТА НЕ Е ВКЛУЧЕНО

- Дополнителни 46 € – задолжителна доплата за билет за траект на релација Волос–Скијатос–Волос (се плаќа во автобус);
- Патничко осигурување;
- Факултативни излети;
- Користење клима уред (не е задолжително) – 7 € од ден, се плаќа на лице место при пристигнување;
- Доплата за туристичка такса – 14 € од студио или апартман за 7 ноќи (задолжително, се плаќа кај газдите на вилата).

## ПЛАН И ПРОГРАМА

- Термините за лето 2026 на Скијатос се од четврток до четврток;
- Поаѓањето е секоја среда навечер, а секој четврток е првиот ден од одмор;
- Поаѓањето со автобус ќе биде дефинирано по договор со траект-компанијата.

## НАПОМЕНИ

- За споен термин се сметаат ПРОМО цените. За нив не се одбива од цената доколку клиентот користи сопствен превоз и не следува дополнителен попуст за вториот термин.
- За промо цените не се одбива за превоз доколку патувате со сопствен превоз.
- Во случај на уплата на сингл соба по промо цена, се доплаќа +50% од редовната цена.
- За деца од 3 до 11,99 години се плаќа 70% од редовната цена.
- Активните попусти и попустите за споен термин не се комбинираат.
- За споен термин се одбива 15 € за превоз и се добива 10% попуст на вториот термин на редовните цени (ова не важи за промо цените).
- Полињата кои се со црвено во табелите означуваат зафатени студиа; полињата со зелено означуваат вкупно слободни студиа.
- При резервација задолжително контактирајте на наведените телефони за слободни капацитети и тип на студио.
- За да резервирате со депозит, потребна е уплата од најмалку 30% од вкупната сума.
- Депозитот е неповратен во случај на отказ од страна на патник пред дадениот рок.
- Влегувањето во собите е после 14:00 часот по локално време, напуштањето на собите е во 09:00 часот по локално време.
- Ако патникот не се појави или го откаже аранжманот на денот на реализација, организаторот го наплатува целокупниот износ (100%).
- Доплата за туристичка такса – 10,5 € од студиото или апартманот за 7 ноќи (се плаќа во вилата кај сопствениците).
- Цените се наменети за 7 ноќевања и превоз од Скопје до Волос и назад.

- Во апартманот е дозволено сместување на лица согласно предвидениот капацитет, односно бројот на легла.
- Хигиената во студиото за време на престојот ја одржуваат самите гости.
- Кујните во сите студија се опремени со основен прибор за подготовка на лесни јадења.
- Јачината на сигналот на интернет, брзината и квалитетот на поврзување, како и мрежната стабилност зависат од давателот и техничките можности во регионот; агенцијата нема одговорност за квалитетот на интернет сигналот.
- Фотографиите од сместувачкиот капацитет се од повеќе студија.
- Објектот располага со 1/2, 1/3 и 1/4 студија на прв и втор кат.
- Организаторот на патувањето го задржува правото преку Ultra First, Last Minute, Black Friday или други промо-кампањи да ги објави и продаде слободните капацитети по цени различни од редовните во ценовникот.
- Лицата што го уплатиле аранжманот по редовен ценовник немаат право на надомест на средства за разлика во цена во однос на промотивните понуди.

## ФАКУЛТАТИВНИ ИЗЛЕТИ

Крстарење до Lalaria Beach и островот Skopelos.

Во групата најубави плажи на Скијатос, за некои и најубава, плажата Лаларија е како рај на земјата – ремек-дело на природата. Недопрена природа, бели камчиња, тиркизно море, мирно и неурбанизирано место, кое чека да го посетите. Малку ќе ви биде времето таму за да се насладите на целата таа убавина.

Оваа плажа е достапна само со бродче, кое ќе ве однесе и до средновековниот замок. Се посетува и островот Skopelos, како и црквата Agios Ioannis, позната по иконата св. Јован. На ова место, како и на островот Skopelos, се снимени голем број сцени од мјузиклот „Mamma Mia“. Крстарењето претставува целодневно уживање.